РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1082/2
09-09-2025
г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на на 22-та седница одржана на 27.08.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата бр. 12-1082/1 од 14.03.2025 година, во која се укажува на незаконито работење на угостителски објекти покрај -------- крајбрежје, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлуки по предмети со идентични наводи.

Предметот со бр. 12-1082/1 од 14.03.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител (група на незадоволни граѓани-сопственици на угостителски објекти), на ден 14.03.2025 година, поднесена е пријава во која се укажува на незаконито работење на угостителски објекти покрај струшкото крајбрежје и оформен е предмет бр. 12-1082/1 од 14.03.2025 година.

Во пријавата се наведува дека со давањето на езерското крајбрежје под закуп на коешто требало да биде поставена урбана опрема, шанкови од сезонски карактер и лежалки, коишто би работеле само во период од сезоната, денес истите биле

претворени во ресторани, пицерии, слаткарници, ноќни клубови, дискотеки, со период на работа преку целата година (не претставувале урбана опрема од сезонски карактер) изградени од цврст материјал, претставувале диоградби на кои им бил истечен периодот на концесии, а остварувале приходи и се однесувале како да се сопственици на државниот имот. Подносителот на пријавата поединечно ги набројал диво изградените објекти на крајбрежјето на град Струга, при што дополнил дека локалната самоуправа после завршетокот на секоја сезона или во текот на истата на сите узурпатори им наплаќала за користењето на државното земјиште за урбана опрема на незаконит начин, бидејќи со самото тоа општината со наплата на средства го легализира нивното редовно користење на државното земјиште.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека веќе има постапувано по слични наводи како од посочената пријава (наводи за бесправно изградени објекти и бесправно користење на општински недвижен имот, плажи на брегот на Охридското езеро), во предмет со бр. 12-3656/1 од 24.07.2019 година, по кој предмет на 94-та седницата на ДКСК, одржана на 13.10.2023 година, ДКСК констатира низа слабости и не постапувања на надлежни органи и институции, по што донесена е одлука до истите да достави препораки и укажувања заради надминување и разрешување на состојбите.

При претходно спроведената постапка ДКСК констатирала одредени системски и законски слабости, префрлање на надлежности од централна на локална власт, од еден орган на друг орган (инспекциските органи/Министерството за транспорт и врски, а детектирани биле и состојби на непостапување на одредени надлежни органи и институции. Имено:
- *Неусогласена законска регулатива*, (Закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за градежно земјиште, Закон за градење, Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите), поради што ДКСК на колегиум одржан на ден 03.10.2023, донел заклучок за извршување АПЛ. Одделението за антикорупциска проверка на легислативата постапило по заклучокот и изготвило Извештај за антикорупциска проверка на законска регулатива од областа на Урбанизмот со бр. ------. Во Извештајот било наведено дека, по

извршената анализа и оценка на законската регулатива кои ја уредува дадената област, ***констатирани се регулаторни ризици***, при што било укажано на потребата од преземање активности за надминување на истите преку: **Усогласување на Правилникот** за формата и содржината на барањето, потребната документција и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опрема за кои не е потребно одобрение за градење со **Законот за градежно земјиште.**

- ***Не бил изработен*** **Урбанистички план** за наведеното подрачје, кој требало да биде готов до крајот на 2021 година **ниту урбанистички документации за плажите**, кои требало да бидат изработени до крајот на 2022 година. Споменатите документи биле предвидено во **Планот за управување** со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, со Акциски план (2020-2029), донесен од Владата на РСМ и објавен во Службен весник на РСМ. бр.45 од 18.02.2020 година, во кој е дефинирана обврската за изработка на **Урбанистички план од државно значење за површината, со кој ќе се ќе овозможи зачувување на крајбрежната функционалност и постапно ревитализација на клучните екосистеми.**

*Исто така не бил донесен* **нов Закон за урбанистичко планирање**, со кој требало да бидат определени границите на заштитените зони на катастарскиот план и да се изработат ажурирани геодетски подлоги. Овој закон требало да се донесе пред да се пристапи кон изработка на предметниот урбанистички план.

- Состојбата со плажите во Охрид во периодот од 2017 година па наваму, произлегувала и од *нерешени имотно правни односи на тоа подрачје.*

- ***Не биле донесени*** **Студии за: оценка на влијанието врз животната средина (ОВЖС) и оценка на влијание на културното наследство (ХИА) за бесправно изградените објекти**, кои се неопходни за донесувањето на Урбанистичкиот план и да бидат спроведени преку определување на објектите во крајбрежниот појас што ќе бидат предмет на отстранување.

- ***Не било издадено*** **Решение за оцена на влијанието врз животната средина или одобрен Елаборат за заштита на животната средина**, од страна на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање и Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура, а кои требало да ги спроведе Министерството за транспорт и врски како носител на активноста за спроведување на Оцена на

влијанието врз културното и природното наследство на Охридскиот регион. Индикатор за реализација на оваа активност е: „Утврдени бесправно изградени објекти кои според оцената на влијанијата врз природното и културното наследство ќе се отстранат")

За детектираните состојби и констатирани слабости во случајот, ДКСК упатила препораки/укажувања до соодветни надлежни органи и институции во РСМ, (*Влада, Министерство за транспосрт и врски, Управата за животна средина при МЖСПП,Управата за заштита на културното наследство при МК*,) за преземење активности и донесување на акти и документи во насока на надминување на тековните состојби со плажите на територијата на -------- крајбрежје. Исто така, доставила и препорака до инспекциските органи во РСМ, за неизвршениот надзор над градежното земјиште кое било предмет на краткотраен закуп предвидено со урбанистички план или урбанистичко-планска документација за плажа, од страна на Државен пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи, со укажување дека непостапувањето по оваа уредба од страна на закупецот претставува основ Државниот пазарен инспекторат да изврши затворање на објектите.

Од сето погоре наведено, ДКСК оцени дека пријавата нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлуки по предмети со идентични наводи при чие постапување се исцрпени законските надлежности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Цвета Ристовска

Изработил: М-р В.З. Виш соработник
Контролирал: М-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk